**20160521303**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 54 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16 и 39/16), министерот за транспорт и врски донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА, ОЗНАЧУВАЊЕТО, НАЧИНОТ НА ЗАВЕРКАТА НА ПРОЕКТИТЕ ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА, КАКО И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ЗАПИСИ

Член 1

Во Правилникот за содржината, означувањето, начинот на заверката на проектите од страна на одговорните лица, како и начинот на користење на електронските записи (“Службен весник на Република Македонија” бр.24/11, 68/13, 81/13 и 219/15) во членот 4 став (2) во точката 1 зборовите “или државна односно локална урбанистичка планска документација“ се заменуваат со зборовите “или урбанистичко-планска документација“.

Во ставот (3) во точката 1 зборовите “или државна односно локална урбанистичка планска документација“ се заменуваат со зборовите “или урбанистичко-планска документација“.

Во ставот (4) во точката 1 зборовите “или државна односно локална урбанистичка планска документација“ се заменуваат со зборовите “или урбанистичко-планска документација“.

По ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

“(6)По исклучок од ставовите (2), (3) и (4) од овој член, урбанистичкиот дел на проектот за подготвителни работи, урбанистичкиот дел на основниот проект и урбанистичкиот дел на проектот на изведена состојба, не содржи извод од детален урбанистички план, урбанистички план за вон населено место, урбанистички план за село и урбанистичко-планска документација, доколку се работи за надградба на објект за индивидуално домување од член 59-ѕ од Законот за градење.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4029/1
14 март 2016 година
Скопје

Министер
за транспорт и врски,
**Владо Мисајловски**, с.р.